МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 65-а став (2) од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија„ бр.29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ДАВАЊЕ ЈАВНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ДАВАЊЕ ЈАВНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозвола за давање јавни услуги од областа на здравјето на растенијата односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за давање јавни услуги од областа на здравјето на растенијата во рокот утврден во член 65 став (7) од Законот за здравјето на растенијата.

## Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој павилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на дозвола за давање јавни услуги од областа на здравјето на растенијата односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за давање јавни услуги од областа на здравјето на растенијата“, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-1305616 декември 2011 година
Министер,

СкопјеЉупчо Димовски, с.р.

Прилог

ДО
Писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

Б А Р А Њ Е
заради неиздавање на овластување за издавање на пасоши за растенија односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на овластување за издавање на пасоши за растенија

Од_______________________________________________________________

(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице- подносител на барањето)

_______________________________________________________________

( седиште на правното лице/адреса на физичкото лице- подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 42-а став (3) од Законот за здравјето на растенијата министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за издавање на овластување за издавање на пасоши за растенија поднесено под број ____________________ од _______________ до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, чија копија ви ја доставувам во прилог.

Датум и место на поднесување Барател